# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**Службен весник на РМ, бр. 158 од 9.12.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 40/2008), во членот 2 став (1) точка 24 зборовите: „како и" се бришат, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и во други случаи предвидени со закон."

**Член 2**

Во членот 11 став (1) алинејата 8 се менува и гласи:
„- донесува акти за плати, надоместоци на плати и други надоместоци, како и акти за оценување на помошните работници во Агенцијата,".

**Член 3**

Во членот 15 став (1) алинејата 7 се менува и гласи:
„- донесува акти за организација и систематизација на работните места на Агенцијата согласно со закон,".
По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:
„- предлага и ги извршува актите за плати, надоместоци на плати и други надоместоци и актите за оценување на помошните работници во Агенцијата,".
Алинеите 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат алинеи 9, 10, 11, 12 и 13.

**Член 4**

Членот 21 се менува и гласи:
„Стручната служба на Агенцијата ја сочинуваат државните службеници и помошните работници."

**Член 5**

Членот 22 се менува и гласи:
„(1) За државните службеници, во однос на правата, обврските и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.
(2) За вработените во Агенцијата кои вршат помошни работи, во однос на правата, обврските и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за работните односи, прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија и Колективниот договор на Агенцијата."

**Член 6**

Насловот пред членот 23 и членот 23 се менуваат и гласат:

**„Државни службеници со специфична природа на работните задачи и посебност на извршувањето на посебните должности и овластувања".**

**Член 23**

(1) На државните службеници во Агенцијата кои вршат работи на организирање и раководење со центрите во Агенцијата, државните службеници кои вршат надзор на работењето над трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи и државните службеници кои ги извршуваат работите од

областа и во врска со геодетско-катастарските работи заради специфичната природа на работните задачи и посебностите на извршувањето на посебните должности и овластувања, основната плата и додатокот на плата за звање им се зголемува за 20%.
(2) Државните службеници кои ги извршуваат работите од областа на информатичко-комуникациската технологија во функција на ГКИС заради специфичната природа на работните задачи и посебностите на извршувањето на посебните должности и овластувања, основната плата и додатокот на плата за звање им се зголемува за 30%."

**Член 7**

Во членот 26 ставот (2) се менува и гласи:
„Против решението за престанок на работниот однос од ставот (1) на овој член, помошните работници имаат право на приговор до Управниот одбор на Агенцијата.“ Ставот (3) се брише.

**Член 8**

Насловот пред членот 27 и членот 27 се бришат.

**Член 9**

Во членот 35 став (1) зборот „овој“ се брише.

**Член 10**

Во членот 60 ставот (7) се брише.

**Член 11**

Во членот 62 став (4) зборовите: „под стакленици (оранжерии)“ се бришат.
Ставот (7) се менува и гласи:
„Неплодните земјишта се распоредуваат како природно неплодно земјиште (долови, камењари и друго) и како вештачко неплодно земјиште кое претставува земјиште за кое е донесен урбанистички план или урбанистичка планска документација (градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште: земјиште под зграда, дворно место, улици, патишта, мостови и друго).”
Ставот (8) се брише.

**Член 12**

Во членот 65 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Агенцијата за катастар на недвижности врз основа на урбанистички планови или урбанистичка планска документација по пријава на странка врши промена на катастарската култура на земјиштето во градежно земјиште (градежно неизградено или градежно изградено земјиште).“
Ставот (3) станува став (4).

**Член 13**

Членот 76 се менува и гласи:
“(1) Геодетските работи од членот 73 ставови (1), (2) и (3) на овој закон можат да ги вршат и странски правни лица доколку странските правни лица регистрираат во Република Македонија правно лице за геодетски работи под услови пропишани во членот 75 од овој закон.
(2) Геодетските работи од членот 73 ставови (1), (2) и (3) на овој закон можат да ги вршат и странски правни лица со седиште и регистрирани за вршење на геодетски работи во држава членка на Европската унија, доколку ги исполнуваат условите од членот 75 алинеи 2, 3 и 4 на овој закон и ги познаваат законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи.

(3) Странски геодетски инженер со овластување од друга држава, може да врши геодетски работи на територијата на Република Македонија, под услови на реципроцитет, со овластување потврдено од Комората на овластени геодети (во натамошниот текст: Комората), доколку ги познава законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи.
(4) Странски геодетски инженер од држава членка на Европската унија со овластување од државата членка на Европската унија, може да врши геодетски работи на територијата на Република Македонија, со овластување потврдено од Комората, ако ги познава законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи."

**Член 14**

Во членот 78 став (1) алинеја 1 по зборот "Македонија" се додаваат зборовите: "или на држава членка на Европската унија".

**Член 15**

Во членот 79 став (2) по зборот „години" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.
Ставот (3) се менува и гласи:
„За продолжување на овластувањето за овластен геодет имателот на овластувањето шест месеци пред истекот на рокот за важење на издаденото овластување до Комората поднесува барање. Кон барањето имателот на овластувањето кој е регистриран како трговец поединец овластен геодет или е вработен во трговско друштво за геодетски работи приложува и сертификат издаден од Комората дека во текот на десетте години посетувал по 20 часа континуирана едукација од областа на геодетските работи."

**Член 16**

Во членот 91 ставот (4) се менува и гласи:
„Геодетските елаборати за извршени геодетски работи за посебни намени заедно со правниот основ се доставуваат на заверка и спроведување во Агенцијата. Со заверката Агенцијата тврди дека при изработката на геодетските елаборати се користени податоци од ГКИС и дека за истите е платен надоместок согласно со овој закон."
Ставот (7) се брише.

**Член 17**

Во членот 96 став (1) по зборовите: "Овластените геодети" се додаваат зборовите: "регистрирани како трговци поединци овластени геодети или вработени во трговски друштва за геодетски работи", а зборовите: „на овластени геодети (во натамошниот текст: Комората)" се бришат.

**Член 18**

Во членот 97 став (2) точката се брише и се додаваат зборовите: "и на постапката за потврдување на овластување на странски геодетски инженер".

**Член 19**

Во членот 99 ставот (1) се менува и гласи:
„Собранието на Комората го сочинуваат сите овластени геодети регистрирани како трговци поединци овластени геодети или вработени во трговски друштва за геодетски работи."
Во ставот (2) по зборовите: „овластени геодети" се додаваат зборовите: „регистрирани како трговци поединци овластени геодети или овластени геодети вработени во трговски друштва за геодетски работи".

**Член 20**

Во членот 101 став (2) алинеја 2 по запирката по зборот „геодет" на крајот на алинејата се додаваат зборовите: „како и решение за потврдување на овластување на странски геодетски инженер".

**Член 21**

Во членот 105 став (2) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "под услови определени со закон".

**Член 22**

Во членот 115 зборовите: „катастарски службеник" се заменуваат со зборовите: „државен службеник".

**Член 23**

Во членот 126 по зборовите: „право на залог (хипотека)" се додаваат зборовите: "концесии на недвижности и закуп на земјоделско земјиште".

**Член 24**

Во членот 127 по ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11), кои гласат:
„(10) При запишувањето на концесијата на недвижност, особено се запишуваат податоци за концедентот, податоци за концесионерот, податоци за рокот на траење на концесијата и висината на надоместокот за концесијата, кои се запишуваат во делот на податоци каде што се означуваат товарите на недвижноста.
(11) При запишувањето на закуп на земјоделско земјиште, особено се запишуваат податоци за закуподавачот, податоци за закупецот, податоци за рокот на траење на закупот и висината на надоместокот за закупот, кои се запишуваат во делот на податоците каде што се означуваат товарите на недвижноста."

**Член 25**

Во членот 166 став (2) зборовите: „катастарски службеник" се заменуваат со зборовите: „државен службеник".

**Член 26**

Членот 173 се менува и гласи:
„(1) За катастарските општини каде што е востановен катастар на недвижности врз основа на аналогни геодетски планови, со ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови, ќе се користат податоците добиени од дигиталните катастарски планови.
(2) Кога при дигитализацијата на катастарските планови се утврдат разлики во површината на катастарските парцели од дигиталните катастарски планови со површината од катастарскиот операт, а разликите се поголеми од (каде што R е површина на катастарската парцела, а M е размер на катастарскиот план), Агенцијата по службена должност донесува потврда за дигитална површина која се доставува до лицето запишано како носител на правото на катастарската парцела.
(3) Новата површина на катастарските парцели, која произлегува од ставовите (1) и (2) на овој член се запишува по службена должност во имотен лист.
(4) За ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за секоја катастарска општина, директорот на Агенцијата донесува решение.
(5) Решението од ставот (4) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија."

**Член 27**

Во членот 174 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
„(4) За отстранување на грешките од ставовите (1) и (2) на овој член не се плаќаат надоместоци.“

**Член 28**

Членот 175 се менува и гласи:
„Формата и содржината на пријавата за запишување на промена и на пријавата за исправка на грешка, на потврдата за прием на пријавата за запишување на промена и за исправка на грешка, на потврдата за запишување на промената и за исправка на грешка и за одбивање на запишувањето на промената и за исправка на грешка на потврдата за дигитална површина, како и начинот на одржување на катастарот на недвижностите, го пропишува Управниот одбор на Агенцијата.“

**Член 29**

Во членот 176 ставот (1) се менува и гласи:
„Против потврдата за запишување или одбивање при востановување и одржување на катастар на недвижности и против потврдата за исправка на техничка грешка, подносителот на пријавата и носителот на правото имаат право да поднесат тужба пред Управниот суд."

**Член 30**

Членот 197 се брише.

**Член 31**

Членот 198 се брише.

**Член 32**

Одредбите од членовите 13 ставови (2) и (4) и 14 на овој закон ќе се применуваат од денот на приемот на Република Македонија во Европската унија.

**Член 33**

Решавањето на предметите за запишување на правата на недвижностите и за спроведување на промени во катастарот на недвижностите, започнато пред денот на влегувањето во сила на Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2008), а по кои се постапува од страна на Агенцијата и второстепена комисија, односно Управниот суд, ќе продолжи во согласност со одредбите на овој закон и Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2008).
Теренските геодетски податоци кои се неопходни за решавање на предметите од ставот 1 на овој член ги обезбедува Агенцијата.

**Член 34**

Со објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ на решението за стапување во примена на востановениот катастар на недвижности на последната катастарска општина со катастар на земјиште на територијата на Република Македонија, престанува да важи Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ број 34/72 и 13/78).

**Член 35**

Актите за организација и систематизација на работните места, како и другите акти ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 36**

Комората е должна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, да го достави предлогот на тарифникот од членот 94 став (2) на овој закон до Управниот одбор на Агенцијата, а по евентуалните забелешки на Управниот одбор на Агенцијата да постапи во рок од десет дена.
Доколку Комората не постапи во роковите од ставот 1 на овој член Управниот одбор на Агенцијата ќе го донесе Тарифникот од членот 94 став (2) на овој закон на предлог на директорот на Агенцијата.

**Член 37**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".